# РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
# ЕЛС МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА

ул. „Каменичка“ бб – Македонска Каменица тел./факс: 033 432 741
opstina@makedonskakamenica.gov.mk ; www.makedonskakamenica.gov.mk

Бр.10-944/3
31 .05.2023 год.

Градоначалникот на општина Македонска Каменица, решавајќи по барањето поднесено под број 10-944/1 од 09.05.2023 година за одобрување проектна програма за изработка на **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.8 инфраструктури за пренос на електрична енергија, за 6КВ кабел на Рудник Саса, КО Саса, Општина Македонска Каменица**, од инвеститор “Рудник Саса” ДООЕЛ а врз основа на член 62 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ, бр.32 од 10.02.2020 година), член 87 и член 88 од Законот за општа управна постапка (Сл.весник на Р.М. бр.124/2015) го донесе следното

## Р Е Ш Е Н И Е

**ЗА ОДОБРУВАЊЕ НА ПРОЕКТНА ПРОГРАМА ЗА ИЗРАБОТКА НА Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.8 инфраструктури за пренос на електрична енергија, за 6КВ кабел на Рудник Саса, КО Саса, Општина Македонска Каменица, од инвеститор “Рудник Саса” ДООЕЛ**, изработен од Друштво за градежништво, проектирање, инжинеринг и дизајн “Студио Атриум” ДОО, Штип со тех.бр.ПП-79/22 од Април , 2023 год.

### Образложение

До општина Македонска Каменица во електронскиот систем е-урбанизам (број на постапка 51959) пристигна барање со број 10-944/1 од 09.05.2023 година за одобрување на проектна програма за изработка на **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.8 инфраструктури за пренос на електрична енергија, за 6КВ кабел на Рудник Саса, КО Саса, Општина Македонска Каменица**

Во прилог на барањето заведено под бр.10-944/1 е доставена следнава документација:

-Полномошно од инвеститорот - правното лице “Рудник Саса” ДООЕЛ со кое го овластува физичкото лице Александар Василев , вработен во “Студио Атриум” ДОО Штип

-Услови за планирање на просторот со намена инфраструктури за пренос на електрична енергиа, за 6кв кабел на рудник Саса, КО Саса, Општина М.Каменица со тех.бр.Y04223

-Решение за Услови за планирање на просторот од Министерство за животна средина и просторно планирање со арх.бр. УП1 – 15 930/2023 од 28.04.2023 год.

-Геодетски елаборат – ажурирана геодетска подлога за изработка на урбанистички проект за 6КВ кабел на Рудник Саса, КО Саса, Општина Македонска Каменица изработен од ТДГР Гео ИНГ ДОО Делчево со тех.бр.207/3-22 од 13.09.2022 год.

-Проектна програма за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.8 инфраструктури за пренос на електрична енергија, за 6КВ кабел на Рудник Саса, КО Саса, Општина Македонска Каменица со тех.бр.ПП-У-79/22 од Април, 2023.

Бидејќи се работи за УП вон опфат на урбанистички план до Советот на општината беше доставена иницијатива за дополна на годишната програма за

изработка на урбанистички планови и урбанстички проекти за 2023 откако предходно истата беше прифатена од страна на Комисиата за урбанизам на општината.

Советот ја прифати предлог Одлуката и ја дополни годишната програма со Одлука за дополна на годишната програма за изработка на урбанистички планови и урбанистички проекти на подрачјето на општина М.Каменица за 2023 година бр. 08-1047/1 од 22.05.2023 година .

Комисијата за урбанизам на Општина Македонска Каменица ја разгледа доставената Проектна програма со тех.бр. ПП-У- 79/22 за изработка на **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.8 инфраструктури за пренос на електрична енергија, за 6КВ кабел на Рудник Саса, КО Саса, Општина Македонска Каменица .**

Урбанистичкиот проект ќе се работи согласно член 58 став 6 од Законот за урбанистичко планирање (.(Сл.весник на РСМ бр.32/20).

По однос на истата констатира дека се испочитувани законските регулативи и дека истата е изработена согласно од Законот за урбанистичко планирање.(Сл.весник на РСМ бр.32/20) и член 58 од Правилникот за урбанистичко планирање(Сл.весник на РСМ бр.225/2020, 219/2021, 104/2022) и достави предлог до градоначалникот за одобрување на истата.

Комисијата за урбанизам му предлага на градоначалникот да ја одобри планската програма за изработка на **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план со намена Е1.8 инфраструктури за пренос на електрична енергија, за 6КВ кабел на Рудник Саса, КО Саса, Општина Македонска Каменица.**

Градоначалникот на општина Македонска Каменица по извршениот увид на приложената документација и предлогот од комисијата за урбанизам бр.10-944/2 од 29.05.2023 година констатира дека барањето е основано и се исполнети условите од Законот за урбанистичко планирање планирање (Сл.весник на РСМ, бр.32 од 10.02.2020 година).

Врз основа на тоа, а согласно член 62 Законот за урбанистичко планирање (Сл.весник на РСМ, бр.32 /2020 година) донесено е Решение како во диспозитивот.

**Упатство за правно средство**:

Против ова Решение барателот може да изјави жалба во рок од 15 дена од денот на приемот до министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредувањето на просторот.

Жалбата се таксира со 250,00 ден. административна такса.

ГРАДОНАЧАЛНИК
Димчо Атанасовски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА

Доставено до:
-архива
-барател

Изработил:
Александра Д.Ангеловска,диа